Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Архитектонски факултет – Скопје

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
03 Бр. 222/10
26. 9. 20 22 год.

26.9.2022

# И З В Е Ш Т А Ј

за реализацијата на Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2022/2023 година

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование (Сл. Весник на РСМ бр. 82 од 08.05.2018), Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образованиеза време на вонредна состојба ( Сл. весник на РСМ 76, 24.3.2020), Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образованиеза време на вонредна состојба ( Сл. весник на РСМ 116, 5.5.2020), чл. 208, став 1, алинеја 2 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (Универзитетски гласник, бр. 425 од 28.6.2019), Одлуката на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-275/4, донесена на 268. седница одржана на 21.2.2022 година, Уредбата за правото на лицата со инвалидност и други лица да бидат ослободени од партиципација за студирање (бр. 41-999/1 од 8.3.2022), Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студентите за запишување во прва година на државните високообразовни установи во учебната 2022/2023година, (бр. 14-5076/1 од 17.6.20222 година, Сл. Весник на РСМ бр. 141 од 21.6.2022 г.) и Одлуката на Владата на РСМ за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ во прва година – прв циклус студии на јавните високообразовни установи во учебната 2022/2023 година (бр. 41-4898/1 од 14.6.2022 година, Сл. весник бр. 139 од 2022 г.), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бул. Гоце Делчев бр. 9, објави Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2021/2022 година.

За критериумите и условите за запишување кои произлегуваат од Конкурсот, како и за содржината и начинот на изведување на тестот за утврдување склоност за студирање архитектура, од страна на Архитектонскиот факултет беше изготвен Информатор кој беше поставен на факултетската веб страна.

На Конкурсот за запишување на студенти на прв циклус студии на Архитектонскиот факултет во Скопје, на студиската програма на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура за предвидените 90 места (од кои 45 места во државна квота и 45 места во приватната квота) во првиот уписен рок беа пријавени вкупно 152 кандидати. Проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се реализираше согласно Одлуката за содржината и начинот на полагање на тестот за проверка на компетенциите усвоен на 37-та седница на Наставно-научниот совет одржана на 03.05.2012-та година, со која беше воведен единствен тест за утврдување склоност за студирање архитектура.

Согласно роковите пропишани во Конкурсот, тестот за утврдување склоност за студирање архитектура во првиот уписен рок беше одржан на 30.8.2022 година, а го полагаа 151 кандидат (еден од пријавените кандидати не дојде на денот на полагањето). Тестот за утврдување склоност за студирање архитектура се одржа со физичко присуство на кандидатите во согласност со пропишаните мерки и протоколите за заштита и превенција од ширење на коронавирусот Ковид-19.

По прегледувањето на тестовите, оценувачката комисија утврди дека тестот го положиле 103 кандидати, додека 48 кандидати не го положиле тестот, односно освоиле помалку од неопходните 15 поени, а 1 кандидат не го полагал приемниот испит. Од 103 кандидати кои го положија тестот за утврдување склоност за студирање архитектура, 45 кандидати беа рангирани во државната квота, 45 кандидати беа рангирани во квотата со кофинансирање. Правична и соодветна застапеност на кандидатите припадници на заедниците кои не се мнозинство во РСМ беше обезбедена на начин што тие се рангираа според освоениот успех во државната и во приватната квота.

По објавувањето на прелиминарната ранг листа со резултати од тестот за утврдување склоност за студирање архитектура и успехот од средното образование на 7.9.2022 година, во рокот предвиден за увиди и приговори, беа направени 16 увиди во тестовите, а до Конкурсната комисија пристигнаа приговори на 14 кандидати. Конкурсната комисија ги разгледа пристигнатите приговори и сите ги одби како неосновани. Последователно, во предвидениот рок, на 9.9.2022 година беше објавена конечната ранг листа, односно решението за прием на кандидатите.

На 13.9.2022 година, вториот од двата дена предвидени за запишување на кандидатите (12 и 13.9.2022 година), 4 кандидати рангирани на ранг-листата во приватната квота доброволно одлучија да не ги поднесат документите за упис и да не се запишат на студии на Архитектонскиот факултет - Скопје. Тоа се следниве кандидати:

(1.) кандидатот со број на електронска пријава - 97080, рангиран на 6-то место во приватната квота,
(2.) кандидатот со број на електронска пријава - 96438, рангиран на 11-то место во приватната квота,
(3.) кандидатот со број на електронска пријава - 97042, рангиран на 35-то место во приватната квота и
(4.) кандидатот со број на електронска пријава – 97887, рангиран на 39-то место во приватната квота.

Согласно условите во Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2022/2023 година – по реализацијата на првиот уписен рок, за непополнетите места на факултетите, односно студиските програми, Универзитетот на својата веб страна објави број на слободни места за запишување во вториот уписен рок во учебната 2022/2023 година (4 слободни места за редовни студенти во приватна квота).

На 14 и 15.9.2022 година се одржа пријавувањето на кандидатите (се пријавија 6 кандидати), а на 16. 09. 2022 беше одржан приемниот испит во вториот уписен рок. Приемниот испит во вториот уписен рок го полагаа сите 6 пријавени

кандидати, а го положија 4 со што беа рангирани во приватна квота, а двајца освоија под минимумот поени (не го положија приемниот испит) и не беа рангирани.

Прелиминарната листа беше објавена на веб страната и огласната табла на Архитектонскиот факултет Скопје на 20.09.2022 точно во 10:00 часот.

Во предвидениот рок беше остварен еден увид во тестот, а немаше поднесен ниту еден приговор.

Конечната ранг листа беше објавена на 23.09.2022 на веб страната и огласната табла на Факултетот.

Вкупниот број на запишани студенти во прва година на Архитектонскиот факултет во Скопје во учебната 2022/2023 година изнесува – **90**. Од нив, **45** студенти се запишани во државна квота со плаќање на надоместок за студирање во висина од 200 евра годишно во денарска противвредност, **45** студенти се запишани во приватна квота со кофинансирање на студиите со плаќање на надоместок во висина од 400 евра годишно во денарска противвредност.

Продекан за настава

Вонр. проф. д-р Бојан Каранаков